**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Ул. “Македонија“ бр. 5, 1000 Скопје** | тел. **02/3 218 130** факс. **02/3 218 131** | **contact@ssrm.mk**
**Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup** | tel. **02/3 218 130** faksi. **02/3 218 131** | **contact@ssrm.mk**

Бр. ____________
26.12.2023 година
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 469-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 26.12.2023 година**

Седницата се одржа на ден 26.12.2023 година со почеток во 10,00 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, претседател на Судски совет на РСМ
- **Ханиф Зендели**, Заменик претседател и член на Советот
- **Мери Радевска**, член на Советот
- **м-р Антоанета Димовска**, член на Советот
- **м-р Ивица Николовски**, член на Советот
- **Мирсад Суроји**, член на Советот
- **м-р Селим Адеми**, член на Советот
- **Весна Дамева**, член на Советот
- **м-р Миљазим Мустафа**, член на Советот
- **Павлина Црвенковска**, член на Советот
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член на Советот

Отсутни членови:

**Лорета Горгиева -** отсутна поради тестирање за COVID,
**м-рСелим Адеми -** најави задоцнување,

- **м-р Кренар Лога**, министер за правда - уредно известен
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд на РСМ - уредно известена - има доставено известување

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД, Генерален секретар
- **Гордана Дувњак**, Портпарол
- **Кариман Авзији**, Раководител на одд.
- **Александра Шоптрајанова,** технички секретар

Седницата е отворена за јавноста и се констатира присуство на медиумите и друга поширока јавност.

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет, седницата ја отвори и со неа раководи претседателот на Советот Сашко Георгиев, кој откако констатира присуство на членовите на Советот, го изложи предложениот Дневниот ред за 469-та седница.

Претседателот на советот Сашко Георгиев отвори расправа по предложениот Дневен ред и постави прашање дали има предлози за измена и дополнување на истиот. Ја повлече 3 точка од дневниот ред (Разгледување, усвојување и дополонување на Годишен план за јавни набавки).

За збор се јави Мирсад Суроји - член на Советот, кој предложи под Разно да се расправа и да се гласа согласно чл.61 ст.3 од ЗСС на РСМ со оглед дека од 25.12.2023 година има барање од претседател на суд да биде известен дали расправата за 29.12.2023 година ќе биде јавна.

М-р Антоанета Димовска, член на Советот истакна дека се согласува со предлогот на Мирсад Суроји - член на Советот.

Откако констатира дека друг не се јави за збор, Претседателот на Советот Сашко Георгиев, предложениот Дневн ред со предлогот во точка “разно“ го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ “е усвоен следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

**1.** Усвојување на записници: Записник од 457-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 09.10.2023 година;

- Записник од 458- та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 04.10.2023 година;

- Записник од 459-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 10.10.2023;

- Записник од 460-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 18.10.2023 година и 18.10.2023 година и

- Записник од 461- та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 30.10.2023 година;

**2.** Разгледување на одлука на Управен суд;

**3.** Разгледување на предлог Интерен план за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите за 2024 година;

**4.** Разгледување на предлог Програма за работа на Судскиот совет на РСМ за 2024 година;

**5.** Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа:

УПП бр.08-353/23, 362/23, 391/23;

УПП бр. 08-356/23, 379/23, 389/23, 407/23;

УПП бр.08-307/23, 348/23, 384/23, 397/23;

УПП бр. 08-355/23;

УПП бр. 08-133/23, 240/23, 276/23, 283/23, 296/23, 382/23, 393/23;

УПП бр. 08-367/23;

УПП бр. 08-221/23, 363/23, 374/23;

УПП бр. 08-339/23, 349/23, 358/23, 365/23;

УПП бр. 08-135/23, 278/23;

УПП бр. 08- 277/23, 322/23, 345/23, 359/23, 369/23, 380/23;

УПП бр.08-350/23, 361/23, 372/23 и 394/23;

**6.** Одлучување по известување за утврдена фактичка состојба;

**7.** Формирање на Комисии на известители по поднесени барања за утврдување одговорност на судија/претседател на суд   и

**8.** Разно.

**Точка 1**

Усвојување на записници: Записник од 457-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 09.10.2023 година;Записник од 458- та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 04.10.2023 година;Записник од 459-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 10.10.2023; Записник од 460-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 18.10.2023 година и 18.10.2023 година и Записник од 461- та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија  од 30.10.2023 година;

Претседателот на Советот по записникот од 457-та седница од точката 1 на Дневниот ред констатира дека на целата оваа седница бил отсутен членот на Советот Миљазим Мустафа и за овој записник ќе се гласа без него, потоа отвори дискусија, но никој од членовите не се јави за дискусија по што го стави на гласање и констатира дека со 9 гласа “ЗА” се Усвојува записникот од 457-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 09.10.2023 година;

-Усвојување на записник од 458-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 04.10.2023 година.Претседателот на Советот по овој записник отвори дискусија и за дискусија се јави членот на Советот Весна Дамева која појасни дека за овој записник нема да гласа поради отсутство на таа седница (користење на годишен одмор). М-рТања Чачарова Илиевска член на Советот наведе дека за овој записник нема да гласа поради отсутство исто така и м-р Антоанета Димовска беше отсутна поради присуство на конференција и истата нема да гласа. Претседателот на Советот го стави на гласање овој записник и констатира дека со 7 гласа “ЗА” се Усвојува записникот од 458-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 04.10.2023 година. Во моментот е присутен и членот Селим Адеми (во 10.26 часот).

- Усвојување на записник од 459-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 10.10.2023 година;

Претседателот на Советот по овој записник констатира дека отсутни биле членовите Ханиф Зендели, Лорета Георгиева и Весна Дамева и дека не можат да гласаат за истиот.

Членот Весна Дамева се јави за дискусија и бара да се стави во записник нејзиното отсутство поради користење на годишен одмор. Претседателот на Советот го стави на гласање овој записник и констатира дека со 9 гласа “ЗА” се Усвојува записникот од 459-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 10.10.2023 година.

-Усвојување на записник од 460-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 18 и 19.10.2023 година;

Претседателот на Советот по овој записник констатира дека присутни биле сите членови и отвари дискусија,  по што никој не се јави з збор и го стави

на гласање и констатира дека со 11 гласа “ЗА” се усвојува записникот од 460-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 18 и 19.10.2023 година;

-Усвојување на записник од 461-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 30.10.2023 година;

Претседателот на Советот констатира дека отсутен бил членот Мирсад Суроји и дека истиот нема да гласа, по што отвари дискусија. Со оглед да никој не се јави за збор, го стави на гласање и констатира дека со 10 гласа “ЗА” се Усвојува записникот од 461-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 30.10.2023 година.

**Точка 2**

**Разгледување на одлука на Управен суд**

Претседателот на Советот истакна дека е донесена одлука од страна на Управниот суд по поднесена тужба од Нухи Рустеми која тужба е усвоена, а Решението за престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија од страна на Судскиот совет е ставено вон сила и истото се поништува, по што отвори дискусија.

Мери Радевска, член на Советот се јави за дискусија и даде појаснување за продолжувањето на мандатот, кој мандат бил продолжен врз основа на донесеното Решение на 15.06.2021 год. со кое требало да останат на работа се додека им траело продолжувањето на мандатот, Напомена дека ЗРО е донесен на седница на Собранието на РСМ на 30.06.2021 год. објавен во Сл.Весник на РСМ бр.151 од 06.07.2021 год. и истата мисли дека овој Закон не може да важи за Решенија донесени пред донесување на ЗРО, а во однос на Одлуката на Управниот суд цитира дека за овој случај воопшто не смеат да се менуваат тие Одлуки и не може законот ретроактивно да се применува.

М-р Антоанета Димовска, член на Советот се јави за дискусија и наведе дека се согласува со Мери Радевска дека се работи за стекнато право и не смее СС на РСМ да ја стави вон сила истата одлука.

М-р Ивица Николовски, член на Советот се јави за дискусија и тој исто така се согласува со Одлуката на Управниот суд.

Весна Дамева, член на Советот се јави за дискусија и истата апсолутно останува на ставот кој го елаборираше Мери Радевска и бара да не се повторува истиот случај од страна на СС на РСМ.

М-р Тања Чачарова Илиевска, член на Советот се јави за дискусија и смета дека мора да се води сметка и при повторното одлучување токму за насоките дадени од Управниот суд, не смета дека станува збор за стекнато право утврдено со Решението која е поништено од страна на Управниот суд затоа што со истото Решение е наведено дека му се продолжува сметано од 01.07.2022 год. кога веќе стапиле во сила измените на ЗРО и ваквото Решение е ништовно и бара да се применат одредбите од Глава 14 од ЗУП.

Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот и со 6 гласа “ЗА” и 5 “ПРОТИВ” е донесено следното

Р Е Ш Е Н И Е

Решението на Судскиот совет на РСМ бр.02-828/2 од 15.06.2021 година, се огласува за ништовно.
На Нухи Рустеми, судија на Основен граѓански суд Скопје му престанува судиската функција на 30.06.2022 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Претседателот на Советот констатира дека точката 3 од Дневниот ред е повлечена и точката 4 станува сега точка бр.3.

**Точка 3**
**Разгледување на предлог Интерен план за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите за 2024 година**

Претседателот на Советот отвори дискусија.

Весна Дамева, член на Советот се јави за дискусија и изјави дека СС на РСМ треба навремено и ажурно да ги превзема сите дејствија во насока на утврдување дали постои одговорност кај судиите, да ги врши работните посети навреме заради изготвување на извештај, а забелешка има во приоритетот бр.5 кај последната точка Формирање на Регистар на основани дисциплински мерки и број на претставки, не и е познато и предлага да биде преформулирана ова и бара појаснување од страна на Претседателот, а Претседателот објасни дека станува збор за евидентираните претставки за кој има и Заклучок од претходно и истиот го спроведуваме каде што се основани Претставките кои се доставуваат до координаторите, ова е превземано од договореното на колегиум каде што го спроведуваме со Заклучок од 2022 година и овој дел не е нешто ново туку го практикуваме. Весна Дамева – предлага да се преформулира - Продолжување со евидентирање на основаните претставки во Регистарот на претставки.

М-р Милазим Мустафа член на Советот се јави за дискусија и наведе дека е непотребно да има преформулирање бидејќи стои континуирано и треба да се следи од сите, а Весна Дамева се согласува со ова.

М-р Тања Чачарова Илиевска член на Советот се јави за дискусија и мисли дека не се однесува на основаните претставки и постапување по Заклучокот и смета дека не треба да биде во интерниот план.

М-р Милазим Мустафа член на Советот се јави за дискусија и наведе дека има конкретен предлог како да стои и истиот да биде Ажурирање на Регистарот на изречени дисциплински мерки и број на претставки.

Претседателот на советот отвари дискусија за Акцискиот план но ниеден од членовите не се јави за дискусија и предлогот го стави на гласање со измените и констатира дека со 11 гласа “ЗА” е усвоен Интерниот план.

**Точка 4**
**Разгледување на предлог Програма за работа на Судскиот совет на РСМ за 2024 година**

Претседателот на Советот пред членовите на Советот за оваа точка на Дневниот ред изложи кратко Резиме и отвари дискусија.

М-р Антоанета Димовска, член на Советот се јави за дискусија и изјави: Од нас се бара и ние сме должни да предвидиме конкретни активности за сите 17 точки и тие точки да се поместат во сите овие табели и треба да се зададат задачи како да ги реализираме сите препораки.

Мери Радевска, член на Советот се јави за дискусија и објасни дека е обезбедено внесување на препораките на Оценската Комисија во програмата и веќе е формирана посебна Комисија за изработка на препораките на Оценската Комисија.

Весна Дамева член на Советот се јави за дискусија и дискутира за приоритетите наведени за СС на РСМ од страна на Оценската Комисија и предлага во Програмата на СС на РСМ точката Носење на подзаконски акти за работа на СС на РСМ да се преформулира и да биде Донесување на подзаконски акти за работа на СС на РСМ и за точката Анализа на судската мрежа и напоменува дека приоритет во 2024 ќе биде Анализата од страна на работната група која веќе е извршена и предлага точката 3 на страна 9 на Програмата да одпадне бидејќи за ова работа се формирани Комисии и истите завршија со работата, исто така и на страна 15 точка 6 од Програмата се наведува Потпишување на меморандуми од страна на СС на РСМ со Владини институции и Невладини организаци кои ќе ги земат во предвид специфичните надлежности на Советот и бара објаснување од страна на Претседателот по однос на ова.

Претседателот на Советот појасни дека оваа Програма е донесена од претходниот Претседател на Советот и ние само се надоврзуваме и ја надградуваме и се согласува наместо "носење" да биде "донесување" а за потпишување на Меморандуми истакнува дека намерата е за да има потесна соработка со внатрешните институции и меѓународните организации и ова не е новитет туку превземено од претходно кога е донесено, а сега веќе само го разгледуваме и надградуваме со нешто ново.

Весна Дамева-член на Советот бара да се прецизира и да се гласа по однос на "помеѓу државните институции" .

М-р Антоанета Димовска член на Советот се јави за дискусија околу Анализата и предлага или да се исфрли целосно од планот за работа или ќе смислиме нова Анализа, но истакна дека во овој момент треба да се исфрли, а по однос на судиските места да се преформулира на дополнување на слободни судиски места со Анализа или пополнување на судиските места согласно изготвената Анализа.

Претседателот на Советот побара од ВД Генералниот секретар Весна Толева да се евидентираат сите забелешки и да се внесат како дополнување во програмата.

Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот со надополнувањата и евидентираните забелешки да се ставаат во Програмата како Заклучок од страна на ВД Генералниот секретар Весна Толева и констатира дека со 11 гласа "ЗА" е усвоена Предлог Програмата на СС на РСМ за 2024 година.

## Точка 5

**Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија:**УПП бр.08-353/23, 362/23, 391/23;УПП бр. 08-356/23, 379/23, 389/23, 407/23;УПП бр.08-307/23, 348/23, 384/23, 397/23;УПП бр. 08-355/23;УПП бр. 08-133/23, 240/23, 276/23, 283/23, 296/23, 382/23, 393/23;УПП бр. 08-367/23;УПП бр. 08-221/23, 363/23, 374/23;УПП бр. 08-339/23, 349/23, 358/23, 365/23;УПП бр. 08-135/23, 278/23;УПП бр. 08- 277/23, 322/23, 345/23, 359/23, 369/23, 380/23;УПП бр.08-350/23, 361/23, 372/23 и 394/23;

Претседателот на Советот Сашко Георгиев во консултација со службата, за редоследот и распоредот на претставките во Дневниот ред и даде збор на Мери Радевска, член на Советот, за да започне со реферирање на претставките.

Мери Радевска, член на Советот, ја изложи претставката УПП бр.08-353/23, подносител е А.З, кој изразува незадоволство од постапување на судечкиот судија по предметот П1-138/16 и П1-233/19. Наведува дека судијата по предметот П1-138/16 донел решение дека тужбата се повлекува, а по однос на вториот предмет истакнува дека не бил повикан на рочиште, па бара по овој предмет П1-233/19 пресудата да се прогласи за ништовна, а тужителот и лажните сведоци да бидат казнети. Видно од изјавата доставена од судечкиот судија по предметот Советот најде дека подносителот на претставката уредно бил повикан и запознаен со предметот на спорот, бил присутен на неколку рочишта, а потоа истиот престанал да доаѓа и не го известил судот за причините, а рочиштата согласно законските одредби се одржувале во негово отсуство. Советот констатира дека наводите на подносителот можеле да бидат предмет на разгледување од страна на надлежен второстепен суд во жалбена постапка. Согласно чл.13 ст.3 од Законот за судови каде е предвидено дека судска одлука може да се менува или укинува само од надлежен суд во постапка пропишана со закон. Согласно членот 11 од истиот закон судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оценка на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, па согласно истото Советот нема надлежност да менува судски пресуди, известителот предлага претставка да биде Неоснована. За дискусија не се јави никој.

-Претставка УПП бр.08-362/23, од 15.11.2023 година- подносителот М.В. изразува незадоволство од незаконито постапување на Управниот суд и Основниот суд Делчево по негови предмети кои во претставката не се наведени. Од доказите кои се во прилог на претставката произлегува дека станува збор за предметите У-3.бр.56/21, У-3.бр.55/21, П-1 бр.7/21, П-1.бр.10/21. Подносителот укажува дека до Управниот суд доставил барање со кое барал да се достават сите приоритетни барања доставени до Управниот суд од Општина Делчево. Дополнува дека е постапувано спротивно на Законот за експропријација и бара да се испитаат сите постапки поврзани со предметите за легализација.Предметните постапки не се во надлежност на преиспитување на Советот, бидејќи се однесуваат на жалбени наводи. Имено, по однос на предметот У-3.бр.56/21 судот донел одлука на 10.1.2023 година по која подносителот не доставил жалба. По предметот П1-7/21 тужбата е птфрлена на 19.4.2021 година бидејќи била неуредна и по поднесена жалба решението е повтрдено од страна на Апелациониот суд Штип. Во предметот П1-10/21 исто така Основниот суд Делчево на ден 19.4.2021 донел решение со кое тужбата ја отфрлил како неуредна и подносителот не се жалел па одлуката станала правосилна. Согласно чл.13 ст.3 од Законот за судови каде е

предвидено дека судска одлука може да се менува или укинува само од надлежен суд во постапка пропишана со закон. Согласно членот 11 од истиот закон судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оценка на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, па согласно истото Советот нема надлежност да менува судски пресуди, известителот смета дека е неоснована. За дискусија не се јави никој.

-Претставка е УПП бр.08-391/23 од 06.12.2023 година-подносителот Н.С. изразува незадоволство од нестручно и несовесно вршење на судиска функција, пристрасно водење на постапка, спротивно на начелото за судење во разумен рок и намерно повредување на правилата за правично судење, злоупотреба на положбата и укажува на местење на предмети спротивно на АКМИС системот во Основен суд Гевгелија и Апелационен суд Скопје. Советот констатира дека наводите на подносителот биле предмет на разгледување од страна на надлежен второстепен суд во жалбена постапка. Согласно чл.13 ст.3 од Законот за судови каде е предвидено дека судска одлука може да се менува или укинува само од надлежен суд во постапка пропишана со закон. Согласно членот 11 од истиот закон судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оценка на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, па согласно истото Советот нема надлежност да менува судски пресуди. Советот смета дека од наводите на подносителот и доказите со кои истиот располага и ги предложил до Советот не произлегува јасно и недвосмислено дека истите се основани, напротив тие се паушални, недокажани, односно непотврдени. Доколку сметал и се сомневал во пристрасноста на одреден судија истиот можел да поднесе негово барање за изземање доколку сметал дека ги исполнува законските услови да го стори истото.Воедно со допис насловен како известување од Апелационен суд Скопје од 07.11.2023 година на подносителот му било одговорено по однос на распределбата на предметите и му е укажано од страна на судот дека распределбата на истите е автоматска, известителот предлага претставка да биде неоснована. За дискусија не се јави никој.

Претседателот на Советот, ги стави на гласање предлозите на известителот за претставките УПП бр.08-353/23, 362/23, 391/23 и по гласањето констатира дека со 10 гласа „За“, е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Претставките УПП бр.08-353/23, 362/23, 391/23 се неосновани.

Претседателот на Советот му даде збор на следниот известител по претставките**.**

М-р Антоанета Димовска, член на Советот наведе дека по претставка УПП.бр.08-356/2023, Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи во смисла на член 6 од Законот за постапување по претставки и предлози, член 36 став 1 алинеја 15 и член 36 став 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (“Службен весник на РМ” бр.102/19), ја разгледа на седницата на Советот одржана на ден 26.12.2023 година и по расправата констатира дека истата е неоснована од следните причини. Во претставката, меѓу другото, подносителот изразува незадоволство од постапувањето на судијата од Основен суд Гостивар по повеќе предмети, наведува дека кога судијата постапувал како судија поединец во граѓански предмети, а посебно во предметите за утврдување на сопственост - неспорни предмети т.е. со признание на тужбеното барање истиот постапувала нестручно, недолично, пристрасно и противзаконито. Имено, кога адвокатите поднесуваат тужба или одговор на тужба, судијата проверувал дали потписите

биле идентични на тие од полномошното со тие од личната карта, што според подносителот било спротивно на законот. Исто така наведува дека псотоеле ситуации кога на адвокатите од Гостивар судијата им барала да приложат заверено полномошно и не прифаќал постапката да продолжи со полномошно без заверка од страна на Нотар, па адвокатите биле принудени да ја повлечат тужбата. Доколку се работело странка да е странски државјанин, тогаш судијата како документ не прифаќал лична карта туку патна исправа, кое нешто според подносителот не било предвидено во закон, ниту како судска пракса. Со оглед на тоа дека во претставката нема наведено конкретно за кои предмети се однесува истата, Советот на 14.11.2023 година со писмен допис се обрати до подносителот со цел претставката да ја дополни (прецизира) на начин што конкретно ќе ги наведе броевите на предметите по кои постапувал судијата за кои изразуваат незадоволство за да би можел Советот да постапи по наводите во претставката. Од страна на подносителот, до одржувањето на седницата на Советот 26.12.2023 година не беше доставен никаков допис за дополнување (прецизирање) на претставката на бараниот начин. Од спроведените извиди и увидот во претставката, Советот најде дека судијата постапувајќи по граѓанските предмети, во случај кога има признание на тужбеното барање истиот постапува согласно со член 317 став 2 и 3 од ЗПП според кој судот нема да донесе пресуда врз основа на признание и кога се исполнети потребните услови, ако најде дека се работи за барање со кое странките не можат да располагаат (член 3 став (3)) и донесувањето на пресуда врз основа на признание ќе се одложи ако е потребно претходно да се прибават известувања за околностите од ставот (2) на овој член, што во случајов не претставува нестручно, недолично, пристрасно и противзаконито постапување на судијата. Имајќи го предвид наведеното, како и фактот дека подносителот не постапил по дописот од Советот, известителот предлага претставката да биде неоснована. За дискусија не се јави никој.

- Претставка УПП.бр.08-379/2023. Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката во смисла на член 6 од Законот за постапување по претставки и предлози, член 36 став 1 алинеја 15 и член 36 став 2од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија ("Службен весник на РМ" бр.102/19), ја разгледа на седницата на Советот одржана на ден 26.12.2023 година и по расправата констатира дека истата е основана од следните причини. Во претставките подносителот изразува незадоволство од постапување по повеќе предмети на Основниот суд Куманово и тоа П1.бр.57/21, П1.бр.110/21, П1.бр.111/21 и ВПП1.бр.77/16. По однос на наведените предмети како тужител во постапката се јавува Т.С. од Куманово, а подносителот е тужен. Наведува дека на 01.12.2021 година била донесена пресуда со која било усвоено тужбеното барање на тужителот за службеност воспоставена со решение ВПП1.бр.77/16, кое било правосилно и извршно на 27.06.2018 година. Со решението ВПП1.бр.77/16 тужениот немал никакви задолженија, ниту пак преземал некои десјтвија спротивни на истото, ниту пак судијата утврдил некакви попречувања од негова страна. Наведува дека судијата со решение го отфрлил неговото барање за евидентирање на наводите по однос на физичката делба, иако самиот тужител без да биде прашан изјавил дека нешто постоело за време на постапката за физичка делба. Според подносителот судијата постапувајќи пристрасно и незаконито ја заклучи расправата за подготвителното рочиште, наместо да ја одложи бидејќи вештиот наод и мислење не биле доставени навремено по предметот П1.бр.57/21. Оттука бара во најкус можен рок Судскиот совет на РСМ да преземе мерки по однос на донесените пресуди за двата предмета бидејќи сметате дека е повреден законот и неговите права нанесувајќи му материјална и нематеријална штета. Во врска со предметот П1.бр.110/21 наведува дека било донесено решение за привремена мерка на 11.11.2021 година во кое било наведено дека жалбата не го одлага извршувањето, па со оглед на итноста на постапката судијата немала поведено постапка по тужба по предметот

П1.бр.111/21 за оправдување на донесена мерка кога сопственикот Д.В. како третотужен починал. Постапката по предметот П1.бр.111/21 била запрена со решение. Од спроведените извиди, увидот во претставките и известувањето од Основниот суд Куманово Субр.508/22-6 од 21.10.2022 година прилогот кон претставката од 27.11.2023 година, како и од увидот во другите претставки претходно поднесени до Советот од негова страна УПП.бр.08-227/22 и УПП.бр.08-21/23, Советот најде дека по предметите на Основниот суд Куманово П1.бр.110/21 и П1.бр.111/21 тужбата и предлогот за времена мерка биле заведени под различен број, а согласно заклучокот на работното тело за стандардизација на постапките во судовите. Предметот П1.бр.110/21 е доделен на судија согласно Годишниот распоред за работа на судот. По однос на предметот П1.бр.57/21 постапката е правосилно завршена односно искористени се правните лекови во истата. Согласно наведеното, Судскиот совет на РСМ му појаснува дека за истите наводи содржани во новите претставки е известен од страна на Советот со известувања УПП.бр.08-227/22 од 22.12.2022 година и УПП.бр.08-21/23 од 14.03.2023 година. Воедно, Советот му укажува дека согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Известителот предлага истата да биде неоснована. За дискусија се јави член Ивица Николовски и истакнува дека Адвокатот има ограничена Полномошно и истата исклучиво се однесува на на еден предмет од видот на НПН и се согласува претставката да биде неоснована.

Членот на Советот-м-р Тања Чачарова Илиевска се јави за дискусија и објасни дека тоа што тој има полномошно за некој предмет за процесна работа не може да приговара за постапки за конкретни судии и не е наведена точната повреда, а извештајот веќе и изготвен и е ставен на наредната седница.

Членот на Советот- Весна Дамева се јави за дискусија и се согласува претставката да биде неоснована и истакна дека колешката Тања Чачарова Илиевска изготвува темелни и професионални Извештаии со детална анализи, факти и аргументи. Друг не се јави за дискусија.

-М-р Антоанета Димовска, ја изложи претставката УПП.бр.08-389/2023 и наведе дека Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката во смисла на член 6 од Законот за постапување по претставки и предлози, член 36 став 1 алинеја 15 и член 36 став 2од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (“Службен весник на РМ” бр.102/19), ја разгледа на седницата на Советот одржана на ден 26.12.2023 година и по расправата констатира дека истата е неоснована од следните причини. Во претставката, меѓу другото, како полномошник на правното лице “А.” ДОО Хоенемс, Австрија, подносителот изразува незадоволство од постапките кои се водат пред домашните судови во врска со заштита на побарување од наведеното правно лице, а кои произлегуваат од странска арбитражна одлука ARB-5673 од 3 Јануари 2023 година донесена во арбитражна постапка пред арбитражниот суд во Виена, Австрија. За оваа одлука се водело постапка пред Основниот граѓански суд Скопје за признавање и изедначување на оваа одлука со одлуките на домашните судови, заведена под ВПП.бр.48/23 која е правосилно завршена во korиста на наведеното правно лице. Потребата од заштита на побарувањата на правното лице “А.” ДОО Хоенемс, Австрија се наметнаа од причина што од тогашниот управител А.К. преземени се низа незаконити дејствија кои се темелат на фиктивни задолжувања за осуетување на извршувањето од Арбитражната одлука во износ од над 4.000.000,00 евра без камата и други трошоци. Станува збор за правното лице “Д.П.” кое сите недозволени и незкаонити задолжувања ги право со креирање на должничко-доверителски односи со правното лице “Г.Т.” ДООЕЛ Валандово. Понатаму наведува дека ОЈО Гевгелија презел дејствија заради ваквото незаконито

постапување на управителот А.К. односно бил поднесен предлог за издавање на привремена мерка. Судија на претходна постапка во Основниот суд Гевгелија со решение К-ПП.бр.18/23 од 10.02.2023 година донел мерки против наведеното лице, а Кривичниот совет на судот со решение КС.бр.7/23 од 07.03.2023 година го укинал ваквото решение. Појаснува дека за сите незаконити зделки на правното лице “Д.П.” располага со вештачења со оскудни податоци добиени од нивните полномошници адвокати кои правеле опструкции на судиите во Основниот суд Велес по предметот ТС.бр.7/23 за да не се утврди реалната состојба во правните судбјекти. На крај, истакнува незадоволство од работата на член на Советот околу извештајот од работната посета на Основниот суд Гевгелија во месец Јуни 2023 година. Од спроведените извиди и увидот во претставката, Советот најде дека во насловот претставката, истата подносителот ја поднесува против член на Судскиот совет на РСМ. Во врска со постапката по предметот на Основниот суд Велес ТС.бр.7/23, Советот му укажува дека по донесување на мериторна одлука од страна на судот незадоволната странка има право на жалба, па воедно овие наводи во претставката второстепениот суд ќе ги цени како жалбени наводи при одлучувањето. Наводот во претставката дека комисија од членови на Судскиот совет на РСМ во месец Јуни 2023 година биле во работна посета на Основниот суд Гевгелија и оттогаш биле поминати 6 месеци, а извештајот сеуште не бил изготвен од страна на членот известител е неоснован од причина што се работи за извештај на Судскиот совет на РСМ од редовна работна посета за конкретниот суд и истиот не се однесува за конкретниот предмет кој подносителот го наведува во претставката односно ваквиот извештај не е во корелација со наводите во претставката, кои се општи и нејасни. Советот му укажува на подносителот дека согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, известителот предлага да биде неоснована. Никој не се јави за дискусија.

- Претставка УПП.бр.08-407/2023- Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката во смисла на член 6 од Законот за постапување по претставки и предлози, член 36 став 1 алинеја 15 и член 36 став 2од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (“Службен весник на РМ” бр.102/19), ја разгледа на седницата на Советот одржана на ден 26.12.2023 година и по расправата констатира дека истата е основана од следните причини. Во претставката подносителот изразува незадоволство од постапувањето на тужениот орган – Ф.З.О.М. каде истиот е тужител во постапката, во смисла на тоа дека тужениот орган не ги доставува списите по предметот за да би можел Управниот суд да ги провери наводите за основаноста на тужбеното барање. Исто така бара и Судскиот совет на РСМ да утврди справедлив паричен надомест во износ од 200.000,00 денари земајќи ги предвид сите околности на предметито случај. Од увидот во претставката и прилозите кон истата, Советот најде дека наводите во претставката се однесуваат за работата на тужениот орган – Ф.З.О.М. бидејќи истиот не ги доставува списите по предметот за да би можел Управниот суд да ги провери фактите и донесе одлука. Од овие причини Судскиот совет на РСМ ќе ја достави претставката на надлежност на Ф.З.О.М. Претставката во делот со кој подносителот бара од Судскиот совет на РСМ да утврди справедлив паричен надомест во износ од 200.000,00 денари земајќи ги предвид сите околности на предметито случај е неоснована од причина што согласно законските надлежности Судскиот совет на РСМ не е надлежен да одредува одреден надомест при водење на некоја постапката, бидејќи за тоа се надлежни судовите односно тужениот орган – Ф.З.О.М. во конкретниот случај, известителот предлага да биде неоснована поради тоа што тој нема ниедна забелешка за Управниот суд во постапката. Тања Чачарова Илиевска се јави за дискусија и предлага претставката да се затвори со службена белешка дека

не сме надлежни и да се преследи во надлежниот орган, дуг не се јави за дискусија.

Претседателот на Советот, ги стави на гласање предлозите на известителот за претставките УПП бр. 08-356/23, 379/23, 389/23 и констатира дека со 10 гласа „ЗА“, е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Претставките УПП бр. 08-356/23, 379/23, 389/23 (УПП бр.08-389/23 за ова претставка не гласа Тања Чачарова Илиевска), се неосновани.

За претставката УПП бр. 08-407/23 се гласа посебно -со 7 гласа „ЗА“, и 3 гласа „ПРОТИВ“ претставката е неоснована.

Претседателот на Советот му даде збор на следниот известител по претставките.

М-р Ивица Николовски, член на Советот наведе дека по Претставката УПП бр.08-355/23 се изразува незадоволство од работењето на судија на Основен суд Кавадарци по предметот П4-31/22.Советот по спроведени извиди и од прибавена изјава од судијата кој постапувал по предметот оформен по тужба за раскинување на договор за доживотна издршка најде дека судот закажал подготвително рочиште на 20.12.2022 година, кое е одложено на барање на полномошниот на тужениот и закажано на 18.01.2023 година, одложено за 03.03.2023 година и ново закажано на 17.03.2023година. На ова рочиште завршена е доказната постапка, а рочиште за објава на одлука судот закажал на 31.03.2023година. Од оправдани причини судечкиот судија отсуствувал од работа во деновите 31.03.2023 година и 03.04.2023година по што му дал задолжение на записничарот да секоја од странките која ќе се јави на рочиштето за објава биде известена дека истото ќе биде одложено. Врз основа на добиено сознание од записничарот судијата наведува дека на ден 31.03.2023година во закажаниот термин во 9 часот на рочиштето за објава не се јавил никој за странките, мегутоа во текот на работниот ден во канцеларијата на судијата пристапил полномошникот на тужителот интересирајќи се за донесенета одлука. Од страна на записничарот адвокатот бил известен дека нема да има рочиште за објава поради отсуство на судечкиот судија, мегутоа според судијата адвокатот од обавениот разговор извлекол заклучок дека веќе е донесена одлука за усвојување на тужбеното барање. Ова дотолку повеќе што ако била објавена одлуката, полномошникот на тужениот би добил и записник од рочиште за објавување во кое би била содржана одлуката, а такво нешто во конкретниот случај нема.Судијата наведува дека одлуката е објавена на 04.04.2023година по што пристапил и кон нејзино писмено изработување. Во писмено изработената одлука судот извршил целосна анализа на сите докази изведени во текот на главната расправа, врз основа на кои е утврдена фактичката состојба по предметот. Во писмено изработената пресуда судот извршил и целосна правна анализа на конкретната фактичка ситуација , со целосно образложение зошто судот во конкретниот случај сметал дека не се исполнети условите предвидени во ЗОО за раскинување на договор за доживотна издршка, одбивајќи го како неосновано тужбеното барање.Писмено изработената пресуда судот ја доставил до странките и тогаш според судијата истите првпат можеле да утврдат каква е одлуката на судот, со оглед на нивното отсуство од рочиштето за објавување.Во однос на наводите за правосилност и законитоста на донесенета одлука како и законито спроведена постапка која претходела на донесување на одлуката, оценка може да даде Апелациониот суд Скопје кадешто е во тек жалбената постапка по изјавена жалба од тужителот против првостепената одлука, известителот предлага претставката да биде

неоснована. За дискусија се јави членот Весна Дамева кажува дека во овој случај немаме докази дека Одлуката била објавена и се согласи дека предлогот на известителот дека преставката е неоснована. Друг нема за дискусија.

Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот на известителот за претставката УПП бр.08-355/23 и констатира дека со 11 гласа „За", е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Претставката УПП бр.08-355/23 е неоснована.

Претседателот на Советот му даде збор на следниот известител по претставките.

Мирсад Суроји, член на Советот по претставката УПП бр. 08-133/23 истакна дека се работи од поднисител од Скопје против судија на Граѓански Основен суд – Скопје, подносителот наведува дека судијата сторил суштествена повреда на одредбите од ЗКП и на 02.11.2022 се обратил со барање за обид во Уписник до компаничното одделение каде што се заверувале Договорите за 2022 година, а во одговор судијата наведува дека во текот на увидот во клучниот доказ Книга за заверка на договор дека во Книгата на заверка не постои датум од 27.11.1992 год. како што стои во Договор за купопродажба, а полномошникот на тушителот предложил да се изваде како доказ Графолошко вештачење и да се утфрди веродостојноста на сите печати и штембили на Договорите а судот го прифаќа неговиот предлог и Графолошкото вештачење било изготвено од страна на вештак и заедно со списите биле вратено во Судот во месец Март 2023 година. Известителот објаснува дека пропуст може да бидаат запазување роковите на објавата на Одлуката се до изготвување на Одлуката и има негде 6 месеци и заради овај факт предлага претставката да биде основана. Никој не се јави за дискусија. Претседателот на Советот, го става на гласање претставката УПП бр.08-133/23, и со 10 гласа „ЗА" претставката е основана.

Членот Весна Дамева за наредната претставка УПП бр.08-240/23 е изземена.

-Претставка е УПП бр.08-240/23, подносителот на претставката е од Скопје и е незадоволен од постапувањето на судечкиот совет на управниот суд и наведува дека советот сторил суштсвена повреда на постапката како што се непрофесионално, нестручно и несовесно за вршење на судска функција и бара да се поведе постапка на одговорност на судиите. А известителот од вршење на контрола на доказите предлага претставката да биде неоснована. Никој не се јави за дискусија.

-Претставка е УПП бр.08-276/23 е повлечена од страна на известителот.

-Претставка е УПП бр.08-283/23, подносителот на претставката е од Битола против судија на Основен суд – Битола по предмет К 60/21 подносителот незадоволен од Пресудата наведува дека истата била еднострана, а од увид на претставката на истата се утврди дека наводите во претставката претставуват жалбени наводи кои судот веќе ги имале во предвид при одлучување бидејќи видно од контролорорт на судовите Жалба против Одлуката има поднесено на 13.07.2023 год. а наводените на претставка се паушални непоткрепени со никакви докази и од овие причини известителот предлага претставката да биде неоснована. Никој не се јави за дискусија. наредна Претставка е УПП бр.08-296/23, подносителот на претставката е од

Прилеп против судија на Основен суд – Ресен предмет К109/22 странката е генерално незадоволена од Одлуката на судот и се сомнева на објективност на судијата поради што обвинетиот е ослободен, а од увид на претставката на истата се утврди дека наводите во претставката претставуват жалбени наводи кои судот веќе ги имале во предвид при одлучување бидејќи видно од контролорорт на судовите Жалба против Одлуката има поднесено на 11.09.2023 год. и од овие причини известителот предлага претставката да биде неоснована. Никој не се јави за дискусија. наредна Претставка е УПП бр.08-382/23, подносителот на претставката е од Куманово против судија ос Основен суд –Куманова по предметот 183/15 подносителот наведува дека судијата му доделил сопственост на лице починал на 1995 год. на стан купен после 13 години по неговата смрт и судијата пресудел веќе пресудена работа а Пресудата 6/11 била правосилна и извршна, а од увид на претставката на истата се утврди дека се работи за пресуди од 2011 годин и 2015 година кои се кеќе правосилни и завршени предмети така што согласно чл.61 ст.1 од ЗСС на РСМ поминати веќе субјективните роковите од 6 месеци и објективниот реок од 3 години, и од овие причини известителот предлага претставката да биде неоснована.

Членот на Советот-Весна Дамева се јави за дискусија и се согласи со изложеното од страна на известителот, а исто така и членот м-р Тања Чачарова Илиевска се согласува со предлогот на известителот и предлага да се извести подносителот дека има право да се обрати до надлежна институција (JO).

Членот на Советот- м-р Ивица Николовски постави прашање кога е одлуката правосилна и од страна на известителот доби одговор дека Одлуката е правосилна од 28.12.2016 год.

Наредна Претставка е УПП бр.08-393/23, подносителот на претставката е од Гостивар против судија на Основен и Апелационен суд Гостивар, незадоволството се однесува на донесените одлуки бидејки не ги земеле во предвид доказите кои ги навел во претставката, дека тој е корисник на стан по смртта на А и дека на тој му припаѓа, но за инает станот му бил доделен на друго лице и од увид на претставката се утврди дека одлуката по предметот 221/18 е правосилна на 16.06.2020 год. а извршна на 17.08.2020 год. и од овие причини известителот предлага претставката да се одбие како неоснована. Никој не се јави за дискусија.

Претседателот на Советот ги стави на гласање предлозите на известителот за претставките УПП бр.08-240/23, 283/23; 296/23; 382/23; 393/23, по што констатира дека со 10 гласа „ЗА“, е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Претставките УПП бр.08-240/23, 283/23; 296/23; 382/23; 393/23; се неосновани.

Претседателот на Советот му даде збор на следниот известител по претставките.

Весна Дамева, член на Советот наведе дека во претставката УПП бр. 08-367/23, поднесена од К.Т. против судија на Основен Кривичен суд – Скопје и против Претседателот на истиот суд, а подносителот се жали по однос на судијата кој постапил на предметот 3011/20 на кривичниот суд има закажено претрес на 20.04.2021 год. превземал дејствија со кои му гипрекршила правата на подносителот во својство на обвинет, како и дека не побарал изземање во

текот на постапката, со што имал пристрастност, но истото го сторил откако на наведената главна расправа подносителот навел одредени околности. Ивестителот наведе дека оваа претставка е доставена до СС на РСМ по истекот на 2 години и 7 месеци бидејќи истата била доставена до претседателот на Основен кривичен суд – Скопје на 26.04.2021 година, а од извршениот увид на предметот и побараната изјава од судијата кој постапувал по наведениот предмет, судијата дал факти дека по предметот постапувал друг судија, на истиот и бил доделен во работа на 03.01.2018 год. и покрај тешкотиите што ги имал судијата успел да донесе одлука на 10.12.2019 год. со која обвинетитот бил огласен за виновен а истиот поднел жалба против одлуката, а Апелациониот суд донеел одлука по 11 месеци, известителот напомена дека постапката е одлагана во Апелациониот суд Скопје бидејки 11 месеци за предмет кој треба да застари за 6 месеци смета дека е недозволиво и од кога е вратен укината пресудата во основниот суд останале уште 6 месеци за одлучување, а во повторената постапка главната расправа е закажана на 22.04.2021 година, а судијата наведува дека обвинетиот со неговиот адвокат се обидувал да го одложи рочиштето за да се застаре предметот. Претседателот на Кривичниот суд постапил по барањето за изземање и си ја изземал предметот, меѓутоа во тој момент дознал за околности за поврзаност на обвинетиот со братот на судијата, меѓутоа на судијата не му биле познати, со изземањето на судијата предметот е распределен по трет пат и тој судија донел пресуда за предметот но по жалба на предметот, предметот застарел. Известителот во однос на претставката дека Претседателот на судот не постапил, но останува да се разгледа дали истиот има право да постапува и смета дека претставката е неоснована. За дискусија процедурално се јави членот Ивица Николовски и предлага СС на РСМ да донесе Заклучок за постапување на претставки.

Членот м-р Тања Чачарова Илиевска се согласува со Ивица Николовски. Друг не се јави за дискусија.

Претседателот на Советот ја стави на гласање претставката УПП бр.08-367/23, и со 9 гласа „ЗА“ консттаира дека е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Претставката УПП бр.08-367/23; е неоснована.

Претседателот на Советот му даде збор на следниот известител по претставките.
М-р Милазим Мустафа, член на Советот наведе дека претставката УПП бр.08-221/23 е поднесена поради погрешно вршење на судиската функција на судии на Врховен суд на Република Северна Македонија кои постапувале по предметот РЕВ2-262/21 и различно го примениле член 205 од ЗОО. Советот по спроведени извиди и од прибавена изјава на судиите кои постапувале по предметот произлегува дека Основниот граѓански суд Скопје со пресуда П4-943/19 од 16.06.2020 година тужбеното барање на име стекнување без основ делумно го усвоил. Апелациониот суд Скопје со пресуда ГЖ-2945/20 од 24.12.2020 година жалбата на тужените ја усвојува, а пресудата на Основен граѓански суд Скопје П4-943/19 од 16.06.2020 година во ст. 3 и 4 од изреката се потврдува, а во ст. 1 и 2 од изреката и решение за трошоци се преиначува .По изјавена ревизија пред Врховниот суд на РСМ од страна на тужителот донесена е пресуда РЕВ 2-262/21 од 13.10.2022 година со која ревизијата на тужителот делумно се усвојува .Во однос на наводите дека при одлучувањето Врховниот суд за исти факти и фактичка состојба во друг предмет РЕВ 2 - 314/21 различно го применил член 205 од ЗОО, од прибавена изјава на судиите на Врховниот суд се укажува дека истите се неосновани од причина што при

одлучување судот правилно го применил членот 205 од ЗОО и правното мислење донесено од Одделот за граѓански дела при Врховниот суд на РСМ од 29.06.2020 година за примената на членот 205 од ЗОО. Ова по наоѓање на судот дека на предметниот износ за надомест на нематеријална штета не може да се примени членот 205 од ЗОО и правното мислење и ова е образложено во ревизиската одлука. Се наведува дека Врховниот суд одлуката ја донел согласно поставеното тужбено барање и ревизиските наводи кои се изјавени во конкретниот предмет и дека не е постапено и одлучено спротивно на судската пракса и правното мислење на Одделот за граѓански дела при Врховниот суд. Советот најде дека наводите кои се однесуваат на примена на судската пракса по конкретниот предмет РЕВ 2-262/21 се основани и претставката ќе биде проследена до членот на Советот- координатор за следење на работата на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на натамошно постапување, известителот предлага претставката да се одбие како неоснована.
Се јави за дискусија членот м-р Антоанета Димовска и постави прашање зошто сметаат судиите дека нема отстапување на начелните правни основи и поради ова мисли дека претставката е основана.
Членот на Советот- Весна Дамева смета дека се сторени повреди.

Ивестителот продолжи со излагање на Претставка УПП бр.08-363/23 во која се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Охрид по предмет К-16/22 Советот. По спроведени извиди и од прибавена изјава од судијата најде дека предметот К-16/22 е воден пред Основен суд Охрид за три кривична дела "Прикажување на порнографски материјали на дете" по член 193 став вв став 2 и вв став 1 од КЗ.Постапката е отпочната со обвинителен акт КО-476/11 од 20.02.2021 година против двајца обвинети. Во постапката бранител по службена должност на обвинетиот бил подносителот на претставката. Предметот на судечкиот судија му бил даден во работа откако по него постапувале други судии, поради нивно пензионирање. Со решение К-16/22 од 01.06.2022година донесено од судијата како претседател на совет, е делумно уважено барањето на бранителот кој во постапката се легитимира и превземал дејствија единствено како бранител на обвинетиот. Со истото решение на обвинетиот му се досудени трошоци во иснос од 800.800,00 денари на товар на Буџетот на РСМ, а барањето над досудениот износ до бараниот износ е одбиено како неосновано. Причините за уважениот дел на барањето и за одбиениот дел се образложени во решението. На ова решение странките имале право на жалба и истото право бранителот со истите наводи како во оваа претставка била жалбени наводи , но изјавената жалба е одбиена со решение КС КР-128/22 од 13.06.2022година од кривичниот совет на Основен суд Охрид.Во однос на наводите дека бранителот е ставен во нерамноправна положба во однос на друг бранителот и полн на оштетените се наведува дека истите се паушални, затоа што за трошоците на адвокатот судот одлучил со решение 169/16 од 19.06.2020година донесено откако претходно по изјавена жалба е укинато решението од 19.05.2022 година , а по уважена жалба на адвокатот. За трошоците на адвокатот е одлучено во повторена постапка со пресуда К-10/22 од 12.05.2022година која е правосилна. Со истата пресуда е задолжен обвинетиот да ги надомести трошоците за одбрана од бранител по службена должност адвокат не истите да паднат на товар на буџетот на РСМ.Донесените решенија во предметната постапка биле предмет на преиспитување од сите повисоки судови.Предвид наведеното наводите во претставката се неосновани, известителот предлага претставката да се одбие како неоснована. Никој не се јави за дискусија.

-Претставка УПП бр.08-374/23 - се изразува незадоволство од работењето на судија на Основен суд Кавадарци по предмет П1-41/22. Советот по спроведени извиди и од прибавена изјава од судијата најде дека пред Основен суд Кавадарци предметот П1-41/22 е заведен на ден 14.12.2022 година по поднесена тужба од тужител против тужениот по основ привремена употреба

на туѓо соседско земјиште. Судот донел пресуда на 19.09.2023година која била изготвена во законски рок и доставена до полномошниците на странките. Против пресудата тужителот преку својот полномошник вложил жалба и предметот се наоѓа на одлучување во Апелациониот суд Скопје. Се наведува дека во текот на постапката тужителот кој и самиот е адвокат бил застапуван исто така од квалификуван полномошник -адвокат и нема изнесено ниту еден приговор на начинот на водење на постапката , постапување на судот, начинот на изведување на доказите а неговото незадоволство е појавено откако ја добил пресудата со која е одбиено неговото барање.Во однос на наводите дека судијата комуницирал со тужениот и неговата сопруга судијата наведува дека се неосновани. Ова доколку подносителот се сомневал во пристрасноста на судијата имал право да бара негово изземање, што во конкретниот случај не било сторено . Исто така судијата при постоење на такви околности по службена должност е должен да бара да биде изземен од постапување по предметот. За тоа дека вештите лица и овластениот градежен инспектор му укажувале на судијата дека треба да го усвои тужбеното барање според судијата се лични заклучоци на подносителот, а дека со донесената одлука неправилно одлучил за процесните трошоци е жалбен навод по кој ќе се произнесе второстепениот суд, известителот предлага претставката да се одбие како неоснована. Никој не се јавил за дискусија.

Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот на известителот за претставката УПП бр.08-221/23 за неоснованост. Констатира дека има 5 гласа „ЗА“ и 6 “ПРОТИВ”, односно истата е основана. Ги ствaи на гласање предлозите за претставките УПП бр. 08-363/23; 374/23 за неоснованост и констатира дека има 11 гласа „ЗА“, така што е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Претставката УПП бр.08-221/23 е основана.

Претставките УПП бр. 08-363/23; 374/23 се неосновани.

Претседателот на Советот му даде збор на следниот известител по претставките.
м-р Селим Адеми, член на Советот наведе дека во претставката УПП.бр.339/23 од 24.10.2023 година поднесена од Е.Н. од Скопје се изразува незадоволство од постапување на Апелационен суд Скопје по предметот ГЖ-44/23 заведен по поднесена жалба против првостепена пресуда на Основниот граѓански суд Скопје П1-278/21. Наведе дека повеќе од 4 месеци до денот на поднесување на претставката сеуште не е одлучено по жалбата, а барањето до второстепениот суд до каде е постапката по жалба било поднесено од негова страна во месец јули 2023 година. Согласно горенаведеното бара Советот да преземе соодветни дејствија.Советот по однос на наводите побара изјава од судечкиот судија по предметот и се констатира дека во голема мера е надминат ориентациониот број кој судија треба да го реши месечно, судијата ги презема сите потребни дејствија за решавање на истиот, но недостигот на судии, а зголемениот обем на работа влијаат на разумно зголемување на временската рамка на решавањето на предметите. Воедно предметот не ги исполнува претпоставките да се реши приоритетно согласно законските одредби предвидени во Судскиот деловник.Врз основа на горенаведеното, Советот укажува на подносителот да го сочека исходот од второстепената постапка, со оглед на тоа што се преземаат дејствија за решавање на предметот, известителот предлага претставката да биде неоснована, за дискусија се јави Членот Тања Чачарова Илиевска Не се согласува дека претставката е неоснована.
-Претставка УПП.бр.349/23 од 02.11.2023 година - Во претставката поднесена од С.Н. се изразува незадоволство од постапување на Управниот суд кој не

донесува одлука по предметот заведен под бр.У-2.бр.389/22. Наведе дека од второстепената одлука се поминати повеќе од 9 месеци, па бара Советот да преземе соодветни дејствија.По направени извиди во наводите во претставката Советот најде дека Управниот суд првично донел решение У-2.бр.389/22 од 13.10.2022 година, а подносителот незадоволен од таквото решение поднел жалба до непосредно повисокиот суд. Вишиот управен суд со решение УЖ-1.бр.10/23 од 31.1.2023 година истата ја уважил, а предметот го укинал и го вратил на повторно судење пред Управниот суд. Советот по однос на наводите побара изјава од судечкиот судија по предметот и се констатира дека наведениот предмет има објавено записник за објавување одлука У-2.бр.359/22 од 06.12.2023 година, па откако ќе биде изготвена одлуката од страна на судијата ќе биде доставена до странките, известителот предлага претставката да биде неоснована, дискусија нема.

-Претставка УПП.бр.358/23 од 10.11.2023 година –поднесена од Ф.А се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен Гостивар и второстепениот суд бидејќи како што наведува сториле директна повреда на чл.74 и чл.76 од Законот за судовите преземајќи дејствија во постапката. Наведува дека се сомнева во пристрасноста, односно нестручноста при одлучувањето на трочлениот совет на второстепениот суд, воедно и на првостепениот судија кој ги заобиколил одредбите од чл.106 ст.4 од ЗКП.По однос на наводите на подносителот во кои бара Советот да го разгледа целокупниот предмет, се потенцира дека судијата одлучува врз основа на слободно судиско убедување и врз основа на закон, а Советот нема надлежност да презема дејствија кои се надвор од надлежностите утврдени со закон. По однос на наводите за трошоците на постапка за кои подносителот смета дека е одлучено спротивно на чл.106 од ЗКП истите можеле да бидат предмет на жалба во постапка пред второстепен суд. Во конкретниот случај изминат е законскиот рок од шест месеци од денот на осознавање на сторената повреда, но не подоцна од три години од денот на сторувањето на повредата за поведување постапката за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд предвидена во чл61 од Законот за судскиот совет на Република Северна Македонија, известителот предлага претставката да биде неоснована. за дискусија никој не се јави.

-Претставка УПП.бр.365/23 од 15.11.2023 година –од В.В од Кочани се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Кочани над стечаен должник МАРША извоз-увоз Ванчо Кирил Величков ДООЕЛ Кочани во стечај. Како што е наведено С.Ј. имал поднесено тужба на име долг против подносителот на претставката и ДУТД МАРШа увоз-извоз Ванчо Величкоб ДООЕЛ Кочани. Бидејќи не бил исплатен долгот доброволно лицето С поднел барање за присилно извршување од 10.05.2013. Наведува дека како основач на стечајниот должник од стечајниот судија нема примено покана ниту за едно рочиште, а воедно приговара и по однос на висината на долгот.По однос на наводите дека стечајниот должник фирмата-правното лице не бил канет да присуствува на одржаните рочишта, односно на одржувањето на собранијата на доверителите, истите се неосновани од причина што должникот не присуствува на собранијата од причина што не е доверител, а воедно го застапува стечајниот управник, а лицето В.В. како подносител на претставкта е физичко лице кое не е опфатено со предметната стечајна постапка.Судијата одлучува врз основа на слободно судиско убедување и врз основа на закон, а Советот нема надлежност да презема дејствија кои се надвор од надлежностите утврдени со закон. Воедно, советот не најде спротивно на закон постапување на судечкиот судија по предметот, известителот предлага претставката да биде неоснована, никој не се јави за дискусија.

Претседателот на Советот, ги стави на гласање предлозите на известителот за претставките УПП бр. 08-339/23, 349/23 и констатира дека со 11 гласа „ЗА“

Претставките се основани, а за претставките УПП бр. 08-358/23 и 365/23 констатира дека со 10 гласа „ЗА“ се неосновани и е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Претставката УПП бр. 08-339/23, и 349/23 се основани.

Претставките УПП бр. 08-358/23 и 365/23 се неосновани.

Претседателот на Советот му даде збор на следниот известител по претставките.

Павлина Црвенковска, член на Советот наведе дека во претставката УПП.бр.08-135/23 од 31.03.2023 година се изразува незадоволство за постапување на судија на Основен кривичен суд Скопје - Специјализирано одделение за судење кривични дела од областа на оргнизираниот криминал и корупција, како и незадоволство од работата на судиите на Судскиот совет при Основен кривичен суд Скопје - Специјализирано одделение за судење кривични дела од областа на организираниот криминал и корупција, по предметот КОК-КР.бр.59/23. Во претставката е наведено дека во горенаведеното одделение се водела постапка против обвинетата Е.Р. од Скопје и др. лица и предметот бил заведен под КОК.бр.30/20 за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување по чл.353 ст.5 в.в. ст.4 в.в. ст.1 од КЗ. Во постапката подносителот постапувал како бранител на обвинетата, со уредно полномошно. Во текот на постапката обвинетата починала за што со поднесок го известил судот, а приложил и трошковник. Судијата постапувајќи по поднесокот ја запрела кривичната постапка и одлучила трошоците да паднат на товар на Буџетот на РСМ. Одлучувајќи по трошоците истиот судија со решение го одбил како неосновано барањето на адвокатот за трошоци, а како причина за одбивањаето судијата навела дека истото не било поткрепено со докази, дека трошоците му биле платени и не бил доставен доказ за законските наследници на покојната како легитимни носители на правото да ги побаруваат евентуално платените трошоци. Наместо одлука по вложена жалба од страна на Основен кривичен суд Скопје - Специјализирано одделение за судење кривични дела од областа на оргнизираниот криминал и корупција, Кривичен совет, добил допис повторно со кој е известен дека по спроведување на оставинска постапка во најкус временски рок до судот да достави доказ како истиот би можел да одлучи по неговото барање. Понатаму наведува дека не е логично да достави доказ дека паричните средства не му се платени. На ден 17.02.2023 година добил писмено од Основен кривичен суд Скопје - Специјализирано одделение за судење кривични дела од областа на оргнизираниот криминал и корупци ја КС КОК-КР.бр.59/23 од 16.02.2023 во кое како предмет на дописот било назначено Уредување со кој допис бил известен дека во жалбата поднесена против Решение КОК.бр.30/20 од 18.01.2023 година нема доставено доказ кои лица се законски наследници на покојната на кои би преминало правото да ги побаруваат евентуално платените трошоци. Се обратил до сопругот на починатата со прашање дали е поведена оставинска постапка и му било одговорено дека не е поведена. Побарано е известување од Претседателот на Основен кривичен суд Скопје. Претседателот достави известување од судијата што постаувала по предметот во кое е наведено дека на 04.04.2023 година и била врачена претставка од адвокатот в.в. со решение КОК.бр.30/20 од 18.01.2023 година. Претставката е неоснована, паушална содржи претпоставки и во истата не е даден опис на повредата и законски назив на повредата, односно во што се состои нејзината нестручност и несовесност како судија. Наведува дека адвокатот треба да знае дека само живо лице може да биде странка во постапка и да има бранител а со смртта на странката полномошното

престанува. Наведува и дека адвокатот треба да внимава и на реториката која ја употребува, користи непрофесионална и омаловажувачка реторика за судот и смета дека претставката треба да се препрати до Адвокатската комора заради санкционирање на ваквата реторика. Конкретното решение КОК.бр.30/20 од 31.01.2023 година е донесено во законита постапка со стручна и совесна примена на домашната и европската регулатива и е во согласност и со судската пракса и практиката на Европскиот суд за човекови права и слободи која говори дека секоебарање треба да биде поткрепено со докази. Наводите на подноситлот дека судот бара докази за нешто што не постои се апсолутно неосновани бидејќи фактот по однос на тоа кој може да биде повикан за наследник на починато лице се докажува на повеќе начини, извод од МК на родените за деца, од МК на венчаните за сопруг и сл. Со оглед на наведеното, истакнува дека не постои законски основ за судиска одговорност. Воедно подносителот не бил единствен адвокат на обвинетата Е.Р, нејзин бранител бил и друг адвокат, кој не поднел барање да му бидат надоместени трошоци за застапување и одбрана на покојната обвинета. Подносителот на претставката бил втор бранител имајќи предвид дека не се појавил повеќе пати на главната расправа. Бранителот, подносител на претставката не бил присутен на 20.10.20221, 15.11.2021, 18.01.2022 и 07.02.2022 се одложени, не бил присутен на 18.02.2022 и 19.04.2022, на 03.06.2022 го напуштил рочиштето поради друг ангажман. Обвинетата сама лично ги изведувала доказите од нејзина листа на докази. Подносителот поднел жалба на решенеито КОК.бр.30/20 и списите се навремено доставени до советот. Предвид наведеното, Судскиот совет најде дека наводите во претставката се жалбени наводи кои се, биле или можат да бидат предмет на оцена единствено на надлежен повисок суд во постапка утврдена со закон.Согласно чл.11 од Законот за судовите судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, а согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Судскиот совет нема надлежност да менува или укинува судски одлуки, ниту пак може да им наложува на судовите да ја променат својата одлука, известителот предлага претставката да биде неоснована.

За дискусија се јави членот на советот- м-р Антоанета Димовска и се согласува со предлогот на известителот. Друг не се јави за дискусија.

-Претставка УПП.бр.08-278/23 од 11.08.2023 година. Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на судија на Основен граѓански суд Скопје по предметот 4РО.бр.911/19 од 18.02.2022 година. Судскиот совет постапувајќи согласно Заклучокот бр.02-2153/1 донесен на седница одржана на 12.12.2022 година, се обрати до подносителот на ден 15.09.2023 година со барање да достави уредно полномошно од подносителот кој го застапува, односно од чие име и за чија сметка е изразено незадоволство во претставката.На ден 12.09.2023 година подносителот на претставката доставува допис насловен како поднесок за повлекување на иницијатива за утврдување на одговорност на посочениот судија.Согласно горенаведеното се констатира дека претставката е повлечена и истата се архивира со службена белешка. За дискусија не се јави никој.

Претседателот на Советот, ги стави на гласање предлозите на известителот за претставките УПП бр.08-135/23, 278/23 и констатира дека со 8 гласа „ЗА“, е донесена следната:

# О Д Л У К А

Претставката УПП бр.08-135/23; е неоснована,

Претставката УПП бр.08-278/23 е повлечена и истата се архивира со службена белешка.

Претседателот на Советот му даде збор на следниот известител по претставките.
Членот на советот- м-р Тања Чачарова Илиевска, член на Советот истакна дека претставката УПП бр.08-277/23 известителот ја повлекува.
претставката УПП.бр.08-322/23 од 10.10.2023 година преку Министерството за правда отстапена е на надлежно постапување претставка под УПП.бр.08-242 од 03.10.2023 година, заведена во Советот под УПП.бр.08-322/23 од 10.10.2023 година- На ден 17.11.2023 и 20.11.2023 година доставено е дополнување на претставката, како одговор на барање за прецизирање, но во истите не е постапено по барањето на Советот. Во претставката се зборува за одредени постапувања на судии на Основен суд Кратово за предмети од 2018 и 2019 година во кои не биле уважени трошоци на постапката како и за постапување на судии за донесени решенија по платни налози за наплата на долг.По однос на предметите од 2018 и 2019 година и постапувањето на судиите наводите не само што се нејасни, конфузни и непоткрепени со докази, туку и поминат е долг период кој во смисла на чл.61 од Законот за Судски совет оневозможува преземање на било какво дејствија на Судскиот совет во насока на утврдување на одговорност на посочените судии, па во тој поглед Судскиот совет цени дека наводите во претставката се неосновани. Дотолку повеќе што со самото дополнување не се доставени релевантни докази од кои може да се утврди основаноста на претставката. Исто така, во наводите во дополнувањето за несоодветно постапување со нанесување на штета од страна на судечкиот судија во 2021 година, по повод предлози за издавање на нотарски платни налози, исто така не се доставени докази од кои може да се утврди евенутална основаност на наводите во претставката. Судскиот совет цени дека од доставените докази Жалба против пресуда на Основен суд Кратово ПЛ1.П.бр.16/21, Жалба против решение на Основен суд Кратово ПЛ1.бр.7/21, Жалба против решение на Основен суд Кратово ПЛ.1П.бр.8/22 од 27.04.2022 година, Жалба против решение на Основен суд Кратово со кое е укинато решението НПН.бр.96/21 од 01.06.2021 година, Пресуда на Основен суд Кратово К.бр.35/18 од 16.04.2019 година, Пресуда на Основен суд Кратово К.бр.30/18 од 09.04.2019 година, Изјава од Здружение за истражување, анализа и развој З.Л. - Скопје и Изјава од Д.Д. не може да се утврди евентуалната основаност во наводите во претставката и да се доведат во корелација со евентуално нестручно и несовесно работење на посочените судии или на сторени повреди од нивна страна. По извршена проверка во апликацијата Контрола на судови се констатира дека предметите на Основен суд Кратово К.бр.30/18 и К.бр.35/18 биле предмет на анализа на повисокиот суд по поднесена жалба, известителот предлага претставката да биде неоснована. За дискусија не се јави никој.
Претставка УПП.бр.08-345/23 од 27.10.2023 година. Подносителот изразува незадоволство од постапувањето на Основниот суд Кичево по предметите ПРК-Ј.бр.87/22 и К.бр.297/22 и Апелациониот суд Гостивар по предметите ПРКЖ.бр.283/23 и КЖ.бр.282/23.Во претставката се дава појаснување на кривично правниот настан поврзан со наведените предмети и се посочува дека првостепениот судија не ги земал во предвид изјавите на одбраната, односно изјавите на неговата мајка, сопруга и неговата изјава при носењето на одлуката. Се посочува дека за ист кривично правен настан најпрвин во

прекршочната постапка, а потоа и во кривичната постапка е одлучувано од страна на истиот првостепен судија. Се укажува дека Апелациониот суд Гостивар само ги препишува одлуките донесени од Основниот суд Кичево. Се истакнува дека со посочените пресуди е оневозможено правото на подносителот да го заштити семејството кое трпи притисоци и живее во страв и се надева дека ќе ја пронајде правдата во институциите на државата.
По спроведените извиди по повод поднесената претставка, увид во приложените пресуди, изјавите од судечките судии и увид во апликацијата „Контрола на судови" се констатира дека предметите ПРК-Ј.бр.87/22 и К.бр.297/22 на Основниот суд во Кичево се распределени на предметниот судија согласно АКМИС системот. Според наводите на судечкиот судија, во текот на претресот по повод прекршочниот предмет ПРК-Ј.бр.87/22 од страна на подносителот на преставката не бил доставен доказ дека се водела кривична постапка по приватна кривична тужба и од таа причина не била прекината прекршочната постапка. Исто така, во врска со кривичниот предмет К.бр.297/22 од страна на подносителот на преставката во текот на главната расправа не бил доставен доказ дека бил осуден со правосилна одлука во прекршочна постапка за да може да се отфрли приватната кривична тужба.Според наводите на судечките судии, во постапката по жалба, за која бил оформен предметот ПРКЖ.бр.283/23, во текот на судењето предмет на оцена бил жалбениот навод во поднесената жалба против пресудата на Основниот суд Кичево ПРК-Ј.бр.87/22 од 11.04.2023 година, дека за истиот настан подносителот на претставката е огласен за виновен со пресуда К.бр.297/22 од 24.03.2023 година, но ваквите жалбени наводи советот на Апелациониот суд не ги прифатил од причини што подносителот на претставката не доставил доказ, правосилна судска одлука со која е огласен за виновен, а на која се повикува во жалбата. Во предметот КЖ.бр.282/23, каде е одбиена жалбата на подносителот на претставката, Советот при Апелациониот суд го имал во предвид жалбениот навод дека првостепениот суд сторил повреда на одредбите на кривичната постапка за двојно казнување на обвинетиот согласно чл.7 од ЗКП, но одлуката се темелела на причините што во списите на предметот немало правосилна судска одлука со која што обвинетиот е огласен за виновен за истиот кривично правен настан.Врз основа на горенаведеното се констатира дека наводите во претставката се основани. Предметните судии на Основниот суд Кичево и Апелациониот суд Гостивар постапиле спротивно на одредбите од чл.33 ст.4 од ЗКП, известителот предлага претставката да биде основана. За дискусија не се јави никој.

-Претставка УПП.бр.08-359/23 од 10.11.2023 година. Во претставката се изразува незадоволство од постапувањето на Основниот суд Велес по предметите КПОВ.бр.2/23 и КС-КР.бр.70/23. Се наведува дека Основниот суд Велес со Решение К.бр.283/17 од 27.10.2017 година спрема обвинетиот О.Ѓ. од Неготино изрекол мерка на безбедност задолжително лекување и чување во психијатриско здравствена установа. Се посочува дека од страна на бранителот на обвинетиот на ден 27.01.2023 година до Основен суд Велес било поднесено барање за повторување на кривичната постапка К.бр.283/17 поради настанати променети околности, нови факти и нови докази по чл.449 ст.1 т.3 од ЗКП, Вешт наод и мислење од вешто лице од областа на невропсихијатријата од јануари 2023 година во кој е утврдено дека обвинетиот е способен лекувањето да го продолжи во домашни услови. Со Решение КПОВ.2/23 од 06.02.2023 година барањето на обвинетиот е одбиено од страна на Основен суд Велес. Поднесена е жалба против ова решение, Апелациониот суд Скопје со решение КСЖ.бр.169/23 го потврдува првостепеното решение, а жалбата ја одбива.Се укажува дека од страна на ЈЗУ Психијатриска болница Скопје, до Основен суд Велес доставен е предлог бр.08-274/1 од 1 4.03.2023 година и бр.08-300/1 од 21.03.2023 година за замена на мерката задолжително лекување и чување во психијатриско здравствена установа со мерка на безбедност задолжително лекување на слобода спрема обвинетиот, кој

предлог со Решение КС-КР.бр.70/23 од 28.03.2023 година исто така е одбиен од страна на Основниот суд Велес. Против него не е вложена жалба и станало правосилно на 18.04.2023 година.Се истакнува дека со ваквото постапување судиите во двата случаи постапиле несовесно, нестручно, спротивно на позитивните законски прописи и спротивно на вештиот наод и мислење на вештото лице и мислењата на стручниот тим при психијатриска болница. По спроведените извиди по повод наводите во претставката, увид во одлуките и добиеното известување од страна на судечките судии се констатира дека судечкиот совет на Основниот суд Велес при носење на решението КПОВ.бр.2/23 од 06.02.2023 со кое се одбива повторувањето на постапката, утврдил дека не се исполнети законските услови за повторување на истата, од причина што од увид во списите на предметот е констатирано дека предложените докази веќе биле изведени во текот на предметната кривична постапка. Имено, согласно одредбите од ЗКП чл.449 ст.1 т.4 за да може да се дозволи повторување на кривичната постапка треба да бидат исполнети два кумулативни услова и тоа, да се поднесени нови докази и новите докази да се подобни да причинат ослободување на лицето или негова осуда со поблаг закон. Ваквото решение било предмет на оценка на повисокиот апелациски суд и истото било потврдено. Во постапката која претходела на носење на решението КС-КР.бр.70/23 од 28.03.2023 година, судечкиот совет на Основниот суд Велес го ценел и мислењето на ЈЗУ Психијатриска болница Скопје за задоволителната психичка состојба подолг временски период и мислењето дека лекувањето може да продолжи во амбулантски услови, меѓутоа судечкиот совет не стекнал уверување дека понатамошното лечење во установата не е непоходно потребно, ниту пак дека е престаната потребата од стационарното лекување и одлучува дека мерката за безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа треба и понатаму да продолжи. При носење на одлуката судечкиот совет на Основниот суд Велес врз основа на своето слободно судиско уверување и врз основа на слободна оценка на доказите, секој одделно и во корелација со останатите докази донел одлука која била образложена и за против која ниту една од странките не вложила жалба, а што доведувало до заклучок дека се задоволни од донесената одлука. Согласно чл.11 од Законот за судовите судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, а согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.
Судскиот совет нема надлежност да менува или укинува судски одлуки, ниту пак може да им наложува на судовите да ја променат својата одлука, известителот предлага претставката да биде неоснована. За дискусија се јави членот Весна Дамева и се согласува со предлогот, друг за дискусија не се јави.

-Претставка УПП.бр.08-369/23 од 17.11.2023 година. Подносителот наведува дека е незадоволен од постапувањето на Основниот суд Штип по предметот стар број К.бр.73/21, нов број К.бр.269/23, оформен по повод кривично дело „Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години". Посочува дека кривичното дело е сторено врз неговата ќерка. Укажува на долго траење на постапката, 4 години до донесување на првостепена пресуда која е укината по изјавена жалба и вратена на повторно одлучување и за сето тоа време на обвинетиот не му е изречена мерка притвор, со што му се оставало можност да го повтори делото и вршел притисок врз жртвата и неговото семејство и се заканувал. Бара од Советот да преземе мерки согласно неговите законски надлежности. По извршните извиди по однос на наводите во претставката и доставените изјави од страна на судечките судии се констатира дека станува збор за сложен и сензитивен предмет, во кој дете е жртва на кривично дело, предмет со голем број на изведени писмени и материјални докази, вештачења и испитувања на вешти лица од различни области на медицината и испитувања

на сведоци. Во текот на постапката главната расправа се одвивала во повеќе рочишта и во месец ноември 2022 година, донесена е пресуда со која обвинетиот бил огласен за виновен за кривичното дело од обвинението и изречена му била казна затвор во траење од шест години. По жалба на обвинетиот, Апелациониот суд Штип на ден 05.07.2023 година, првостепената пресуда ја укинал и предметот бил вратен на повторно судење. Во меѓувреме по укинување на првостепената одлука дошло до промена на судијата кој постапува по предметот, бидејќи бил избран за претседател на Основен суд Штип. Новиот судија веднаш почнал да презема дејствија по предметот.Предвид наведеното не се утврдени субјективни околности за оддолговлекување на постапката, бидејќи во континуитет се преземани дејствија од страна на судијата, па од тие причини наводите во претставката се неосновани.Исто така, по однос на наводите дека против обвинетиот не е изречена мерка притвор, истите се неосновани. Имено, согласно одредбите од ЗКП мерка притвор судот определува и продолжува само врз основа на образложен предлог и барање на јавен обвинител. Во конкретниот случај, јавниот обвинител, ниту во истражната постапка, ниту со поднесувањето на обвинителниот акт, ниту пак во текот на главната расправа не предложил и побарал определување на мерка притвор на обвинетиот, известителот предлага претставката да биде неоснована. За дискусија не се јави никој.

-Претставка УПП.бр.08-380/23 од 29.11.2023 година. Во претставката се изразува незадоволство од одлуката на Управниот суд по предметот УЗ.бр.378/22 и се посочува од поднопсителот дека против истата има изјавено жалба. Се укажува дека судиите во текот постапката сториле повреди на Уставот и Законот и постапувале спротивно на начелата на Законот за судови и Законот за управни спорови. Се посочува дека била загрозена и правната сигурност и владеењето на правото. Се наведува дека сторените повреди не можеле да се подведат под жалбени наводи. Се наведувате дека одлуката не содржела доволно образложени причини за решителните факти. По спроведените извиди по повод наводите истакнати во претставката и увид во приложените докази се констатира дека Управниот суд со Пресуда УЗ.бр.378/22 ја одбива Вашата тужба изјавена против решението на Министерството за транспорт и врски со кое се дава одобрение за реконструкција како неоснована. Судот нашол дека оспореното решение е правилно и законито, донесено од надлежен орган во со закон утврдена и спроведена постапка, со правилно и целосно утврдена фактичка состојба на чија основа и правилно биле применети одредбите од материјалното право, со што не бил повреден законот на штета на тужителите. Судот при одлучувањето ги ценел наводите истакнати во тужбата дека подносителот на претставката нема поднесено барање за реконструкција, но истите се оценети како ирелевантни за донесување на поинаква одлука, од причина што согласно правосилната пресуда на Основниот суд Битола ВПП.бр.120/19 судот утврдил дека било потребна целосно реконструкција на кровот и кровната конструкција на предметната зграда, поради што заинтересираното лице поднело барање во име на сосопствениците на посебните делови на зградата.Наводите во претставката делумно претставуваат жалбени наводи и во моментот се предмет на разгледување од страна повисокиот суд. Во таа насока треба да се сочека исходот од второстепената постапка.Во однос на наводите од претставката за повреди на одредбите од Уставот, на основните начела на Законот за Судски совет и Законот за судовите истите се паушални.Согласно чл.11 од Законот за судовите судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, а согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Судскиот совет нема надлежност да менува или укинува судски одлуки, ниту пак може да

им наложува на судовите да ја променат својата одлука, известителот предлага претставката да биде неоснована. За дискусија не се јави никој.

Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот на известителот а основаност на претставката УПП бр. 08-345/23 и констатира дека со 6 гласа „ЗА“ и 4 “ПРОТИВ” е основана. Го стави на гласање предлогот за ноеснованост за претставките УПП бр. 08-322/23; 359/23; 366/23 и 380/23 и констатира дека се неосновани со 10 гласа „ЗА“ и е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Претставката УПП бр. 08-345/23 е основана,.

Претставкате УПП бр. 08-322/23; 359/23; 366/23 и 380/23 се неосновани.

Претседателот на Советот му даде збор на следниот известител по претставките.

Ханиф Зендели, заменик претседател и член на Советот наведе дека во претставката УПП. бр.08-350/1 од 03.11.2023 година се изразува незадоволство од постапувањето на судија на Основен суд Гостивар по повеќе кривични предмети. Судскиот совет на Република Северна Македонија по разгледување на претставката не утврди незаконитост во постапувањето на судијата. Имено, во конкретниот случај утврдено е дека незадоволството на подносителот се однесува на постапувањето на судијата при одлучување за трошоците на постапката во повеќе кривични предмети. Од направените извиди, увидот во одлуките за кои се однесува преставката и изјавата на судијата кој постапувал по предметите се утврди дека во конкретниот случај подносителот го искористил правото на контрола на донесената првостепена одлука (во делот на досудените трошоци) со поднесување на жалба до второстепениот надлежен суд, кој согласно со одредбите од Законот за судовите е единствено надлежен во постапка пропишана со закон да ја преиспита судската одлука. Второстепениот суд постапувајќи по изјавените жалби донел одлуки во корист на подносителот на претставката, односно ги укинал решенијата за досудените трошоци и предметот го вратил на повторно одлучување пред првостепениот суд. При повторното постапување и одлучување по предметот судијата од Основен суд Гостивар одлуката за трошоците на постапката ја донел согласно со напатствијата дадени од повисокиот суд. По однос на наводите од претставката дека трошоците се досудени на обвинетите, а не на бранителот, односно полномошникот на оштетениот во еден предмет се утврди дека истите се неосновани. Судијата на Основен суд Гостивар правилно постапил кога трошоците на постапките во сите предмети ги досудил на обвинетите, односно на оштетениот, а не на бранителот, односно полномошникот на странките од причини што судијата одлуката за трошоците ја донел согласно со одредбите од Законот за кривичната постапка според кој трошоците на постапката се досудуваат на обвинет, односно оштетен, а не на бранител односно полномошник. Судијата дал доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел при донесување на одлуките за трошоците на постапките, посочувајќи ги законските одредби на кои истите се засноваат и причините за досудените трошоци. Согласно со наведеното, не се најдени елементи за нестручно и несовесно постапување, известителот предлага претставката да биде неоснована. За дискусија не се јави никој.

-Претставка УПП. бр.08-361/1 од 15.11.2023 година во претставката се изразува незадоволство од постапувањето на судија на Основен граѓански суд Скопје. Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката го констатира следното: Претставката видно од нејзината содржина се однесува на незадоволство од постапување на судијата од Основниот граѓански суд Скопје кој постапувал по предметот П1-126/18.

Судскиот совет на Република Северна Македонија по направените извиди утврди дека незадоволството на подносителот се однесува на постапувањето на судијата по предмет од 2018 година и дека во Советот подносителот има поднесено повеќе претставки со идентични наводи кои се однесуваат на штедилницата Дикуко. Воедно, видно од доказите доставени во прилог со претставката Советот најде дека во текот на постапката судијата ги превземал сите дејствија пропишани со закон и постапувал согласно законските одредби. Во таа насока во фаза на претходно испитување на тужбата судијата се обратил до ЦР на РСМ и до стечајното одделение на Основниот граѓански суд во насока на прибирање на податоци дали тужениот постои како правен субјект. По добивање на бараните податоци од кои констатирал дека станува збор за субјект кој е ликвидиран во постапка пред надлежен суд (заклучена ликвидациона постапка) и дека донесеното првостепено решение за ликвидација во жалбена постапка е потврдено од второстепениот, Апелационен суд Скопје како надлежен суд донел решение за отфрлање на тужбата поднесена од подносителот. Наводите дека правното лице се јавува како странка – тужител во судска постапка која се води пред Основниот суд Кавадарци и покрај тоа што станува збор за субјект кој е ликвидиран со решение донесено во стејачна постапка во Основниот граѓански суд во Скопје се неосновани од следните причини: Имено, видно од доказите кои ги доставува подносителот на претставката во прилог произлегува дека постапката во која штедилницата Дикуко се јавувала во својство на странка пред Основниот суд Кавадарци била иницирана и се водела во 2009 година, додека решението на Основен граѓански суд Скопје, П.бр.17/07 од 07.05.2013 година со кое е заклучена ликвидационата постапка над штедилницата е донесено во текот на 2013 година, по што штедилницата е избришана од судскиот трговски регистар и од трговскиот регистар при Централниот регистар на РСМ. Од наведеното произлегува дека во моментот кога се водела судската постапка пред Основниот суд Кавадарци штедилницата Дикуко била активен правен субјект поради што и можела да се јави како странка, тужител или тужен во судска постапка

-Претставка УПП. бр.08-372/1 од 21.11.2023 година- во претставката се изразува незадоволство од постапувањето на Основен суд Штип по предметот ТС-13/22**.** Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката, по расправата по истата го констатира следното: Видно од содржината на претставката подносителот изразува незадоволство од постапувањето по предметот ТС-13/22 поради околноста што судот не го уважил барањета на подносителот, предметот ТС-13/22 да се одложи на подолг временски период, односно до крајот на 2023 година. Судскиот совет на Република Северна Македонија по направените извиди констатира дека во конкретниот случај се работи за сеуште активен предмет, кој е во тек и во кој пред првостепениот суд тековно се превземаат процесни дејствија согласо со законските одредби. Согласно со одредбите од Законот за парничната постапка претседателот на Советот, односно судијата поединец кому предметот му е доделен во работа раководи со главната расправа, се грижи за уредно и благовремено превземање на сите дејствија во текот на постапката, одлучува за предлозите на странките, вклучително и за барањето за одлагање на расправите. Негова должност е да се грижи предметот на спорот сестрано да се претресе, но постапката поради тоа да не се одложува и одолговлекува. Против решението на судот со кое се одлага рочиштето или се одбиваат предлозите на странките за одлагање на рочиштето, не е дозволена посебна жалба. Со оглед на околноста да во конкретниот случај се работи за активен предмет кој сеуште е во тек, во текот на времетраењето на првостепената постапка подносителот на претставката може/л да ги искористи правата кои се предвидени во процесниот закон, а по завршување на првостепената постапка пред првостепениот суд и донесување на првостепената одлука, може/л да го искористи правото на контрола на донесената првостепена

одлука, доколку е незадоволен од истата со поднесување на жалба до надлежен второстепен суд. Судскиот совет на Република Северна Македонија нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите. Согласно одредбите од Законот за судовите, такво право има само надлежен суд кој во постапка пропишана со закон може да ја преиспита судската одлука, известителот предлага претставката да биде неоснована. За дискусија не се јави никој.

-Претставка УПП. бр.08-394/1 од 07.12.2023 година - во претставката се изразува незадоволство од начинот на постапување судија на Основен суд Неготино по предметот МАЛВП П.бр.21/23. Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката ја разгледа истата и по расправата го констатира следното:Судскиот совет на Република Северна Македонија по направените извиди констатира дека во конкретниот случај видно од содржината на претставката поднесена од подносителот која и самата е насловена како „предмет – Жалба" произлегува дека се работи за сеуште активен предмет, кој е во тек. Судскиот совет на Република Северна Македонија нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите. Согласно одредбите од Законот за судовите, такво право има само надлежен суд кој во постапка пропишана со закон може да ја преиспита судската одлука. Во конкретниот случај против првостепената одлука донесена од судијата од Основен суд Неготино од чија работа подносителот на претставката изразува незадоволстов истиот има изјавено жалба, со што го искористил правото на контрола на донесената првостепена одлука од страна на надлежен второстепен суд. Согласно со наведеното наводите на подносителот изнесени во претставката се жалбени наводи по кои ќе се произнесе надлежниот второстепен суд, во конкретниот случај Апелациониот суд Скопје, известителот предлага претставката да биде неоснована.

За дискусија се јави членот на Советот м-р Антоанета Димовска и смета дека оваа претставка треба да се проследи до ОЈО.

Претседателот на Советот ги стави на гласање предлозите на известителот за претставките УПП бр. 08-350/23, 361/23, 372/23;394/23 и констатира дека со 10 гласа „ЗА", е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Претставките УПП бр. 08-350/23, 361/23, 372/23; 394/23 се неосновани.

Претседателот на Советот предлага за точките 6 и 7 да се исклучи јавноста и со 10 гласа „ЗА", од страна на Претседателот на Советот се констатира дека е донесена одлука за исклучување на јавноста.

**Точка 6**
**Одлучување по известување за утврдена фактичка состојба**

**Точка 7**
**Формирање на Комисии на известители по поднесени барања за утврдување одговорност на судија/претседател на суд**

**Точка 8 -Разно**

-Претседателот на Советот Сашко Георгиев ги извести членовите на Советот дека од страна на Основниот кривичен суд – Скопје е доставено барање во врска со проектот за дигитализација на судството и интероперабилност, не известуваат дека од страна на ИКТ Советот е побарано

од Кривичниот суд Скопје да дозволи користење на базата на податоците на кривичната евиденција, кои податоци се генерират во АКМИС системот. Претседателот на Советот предлага да се презакаже за некоја наредна седница и да се повика претседателот на Основниот кривичен суд Скопје и за истото се согласуват сите членови на СС на РСМ.

Претседателот на Советот му даде збор на членот Мирсад Суроји и истиот исткна дека во СС на РСМ се води постапка за одговорност на судија/Претседател и од страна на Претседателот на Врховниот суд се бара целокупната постапка да биде јавна.

За дискусија се јави членот Весна Дамева и предлага постапката да биде јавна.
Членот на Советот- м-р Тања Чачарова Илиевска исто така се согласува да биде јавна постапката.
Членот на Советот-м-р Ивица Николовски се согласува постапката да биде јавна.
Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот за присутство на јавноста (освен членот Миљазим Мустафа) и констатира дека со 8 гласа ЗА е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Барањето на Беса Адеми- Претседател на Врховен суд на РСМ заведено под бр.10-... од .. год. и бр.10-... од ... година за јавноста на целокупната постапка за утврдување на одговорност на претседател на суд по поднесено барање за утврдување на одговорност на претседател на суд бр.10-.. од...година СЕ УСВОЈУВА.

Претседателот на Советот констатира дека во 16,40 часот е завршена седницата.

**Напомена:** Тонскиот запис и листингот од гласање се составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Сашко Георгиев**

Изработил:Kariman Avziji, раководител на одделение.
Одобрил: Весна Толева, ВД Генерален секретар